Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница одржана на 12.10.2022 година, согласно член 37 став 1, алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 63 став 1 и 2, член 65 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, одлучувајќи по Иницијативата за донесување на начелно правно мислење, поднесено од Адвокат Ѓоко Гажоски од С., го усвои следниот:

**З А К Л У Ч О К**

Иницијативата поднесена од Адвокат Ѓоко Гажоски од С., заведена под Су-03.бр.480/22, со предлог Општата седница да утврди начелно правно мислење по однос на примената на член 1036 и член 1037 од Законот за облигационите односи, НЕ СЕ УСВОЈУВА.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр. 58/06, 35/08, 150/10, 83/18 и198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија на ден 12.10.2022 година расправаше по Иницијативата за утврдување на начелно правно мислење Су-03.бр.480/22 поднесена од Ѓоко Гажоски, адвокат од С., а по однос на примената на член 1036 и член 1037 од Законот за облигационите односи.

Во иницијативата се предлага Врховниот суд на Република Северна Македонија да донесе начелно правно мислење по однос на примената на член 1036 и член 1037 од Законот за облигационите односи. Подносителот образложува дека ова е потребно за да се разреши дилемата дали член 1036 од Законот за облигационите односи кој предвидува дека со договорот за гаранција се обврзува гарантот спрема доверителот дека ќе ја исполни полноважната и стасаната обврска на должникот, ако тоа не го стори овој, се однесува и на дадена еднострана изјава за гаранција заверена на нотар со која одредено физичко лице изјавува дека гарантира за исполнувањето на одредено побарување кое должникот го има спрема доверителот, а во недостаток на договор за гаранција. Сето ова со оглед да договорот за гаранција е двостран акт и со истиот е запознаен и самиот должник кој со потпишувањето на ваквиот договор се согласил да гарантот го исплати долгот кој го има должникот спрема доверителот, а во корелација со член 1037 од погоренаведениот закон кој предвидува дека договорот за гаранција го обврзува

гарантот само ако изјавата ја направил писмено. Воедно, во иницијативата подносителот воопшто не наведува и не приложува различна судска пракса и со поднесената иницијатива всушност бара мислење за примена на горенаведените законски одредби.

Во иницијативата не е наведена ниту приложена различна судска пракса и всушност од страна на подносителот се бара мислење за примена на горенаведените законски одредби.

Во член 37 став 1 алинеја 1 од Законот за судовите е определено дека Врховниот суд на Република Северна Македонија на Општа седница утврдува начелни ставови и начелни правни мислења по прашања од значење за обезбедување на единство во примената на законите од страна на судовите во рок од три месеци, но не подолго од шест месеци по сопствена иницијатива или по иницијатива на претседател на суд или по иницијатива на седниците на судиите или судските оддели од судовите.

Поаѓајќи од цитираните одредби, Општата седница на Врховниот суд на Република Северна Македонија оцени дека во конкретниот случај не произлегува потреба да се утврди начелно правно мислење бидејќи нема невоедначена примена на законот, од кои причини следуваше да се донесе Заклучок со кој иницијативата не се усвојува.

Врховен суд на

Република Северна Македонија

Општа седница